Macedonian | Македонски

Australian Government
Aged Care Quality and Safety Commission

Engage
*Empower*
**Safeguard**

# Вие имате право на квалитетна и безбедна нега за постари лица



## Новиот Закон за нега на постари лица ги става правата на постарите лица на прво место. Во истиот е содржана Изјава за правата на постарите лица. Овие промени почнаа да се применуваат од 1 ноември 2025 година.

Изјавата за права помага да се обезбеди дека сте во центарот на вашата нега за постари лица. Изјавата го вклучува правото вашата култура и идентитет да бидат почитувани и да останете поврзани со вашата заедница.

Имате право да се чувствувате безбедни и почитувани, а луѓето кои ви даваат нега да ве третираат достоинствено и со почит.

Ова го вклучува правото на пристап до финансирани услуги за нега на постари лица кои:

- ги вреднуваат и поддржуваат вашиот идентитет, култура и потекло
- го почитуваат вашето искуство, вклучително и какви било трауми
- се достапни и ги задоволуваат вашите потреби
- се без какво било никакво насилство, злоупотреба и запоставување.

**Дознајте повеќе** за Изјавата за права на нашата веб-страница

## Како да бидете сигурни дека вашите права се почитувани

Вашиот давател на услуги мора да ја разбере и да ја почитува Изјавата за права. Ако не го прави тоа, вие можете да ја изразите вашата загриженост или да поднесете поплака кај давателот на услугата. Ова е често најлесниот и најбрзиот начин за решавање на проблемите.

Вашата загриженост може да ја споделите со или да поднесете поплака кај началникот за поплаки (Complaints Commissioner):

- на **1800 951 822** меѓу 9 наутро и 17 попладне, од понеделник до петок.
- до Комисија за квалитет и безбедност на негата за постари лица (Aged Care Quality and Safety Commission), GPO Box 9819, во вашиот главен град
- онлајн на www.agedcarequality.gov.au
- info@agedcarequality.gov.au

Доколку ви е потребен толкувач, јавете ни се на **1800 951 822** и побарајте да ви го организираме. Исто така може да се јавите на Translating and Interpreting Service (TIS) (Службата за преведување и толкување) – на **131 450** и да побарате да ни се јават наместо вас.

Доколку ви е потребна помош при поднесување поплака или за наоѓање на информации, стапете во контакт со Мрежата за застапување на постари лица (OPAN) за да добиете бесплатна и независна поддршка во доверба. Јавете се на телефонската линија за застапување на постари лица кои добиваат нега на **1800 700 600**.